***Република Македонија***

***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02 - 9770/12***
***25.07. 2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XVI-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 25.07.2007 година во 10.00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради користење на годишен одмор.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи*

- *Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии*
- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за фармација (делумно присутна)*

- *Златко Алексов, раководител на одделението за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Ана Петрова, началник за контрола, (делумно присутна)*
- *Ана Добрковиќ, контролор во ФЗОМ, (делумно присутна)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата при разгледувањето на точката за Договорот со ООЗТ Институти, присуствуваше и Стојмир Петров, директор на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје.*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат шест членови на УО меѓу кои се претставниците на Министерството за здравство и Министерството за финансии со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XV седница на УО одржана на 05.07.2007 година;*

1. *Утврдување на пречистени текстови на општи акти на Фондот;*

    1. *Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување,*
    2. *Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала,*
    3. *Одлука за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала закои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*
    4. *Одлука за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми,колостоми и уростоми, плочки и паста што пагаат на товар на Фондот за здравствено осигурување ма Македонија,*
    5. *Одлука за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите,*
    6. *Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната здравствена заштита,*
    7. *Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната стоматолошка здравствена заштита,*
    8. *Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги кои вршат Специјалистичка - консултативна и болничка здравствена заштита,*
    9. *Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат*

обезбедување на осигурените лица со лекови кои се препишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита,

10. Правилник за начинот на плакањето на лабараториските испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар,
11. Правилник за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство.

2. Член 9 од Законот за здравственото осигурување;
3. Предлог одлука за усвојување на методологија за утврдување на цени на здравствени услуги и Предлог ценовник на одредени досега недефинирани здравствени услуги;
4. Позитивна листа на лекови;
5. Скалеста маржа за аптеки;
6. Пренамена на буџетските средства од Специјалната детска болница Охрид во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија Свети Еразмо Охрид;
7. Информација за надминување на кварталниот буџет за април, мај, јуни во Специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;
8. Разно:

8.1.Презентација на маркетинг стратегијата на Фондот;

8.2.Предлог Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

8.3 Договор со ООЗТ Институти;

8.4.Одлука за нефинансирање на проекти кои не спаѓаат во делокругот на работа на Фондот;

8.5.Отстранување на пејсмејкер на пациент во Филип Втори;

8.6.Пациентка од Битола упатена на лекување во Бугарија.

8.7. Набавка на ERP (Enterprise Resource Planning) систем

8.8. Инвестиции во здравството

Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

-Усвојување на записникот од XV седница на УО одржана на 05.07.2007 година;

1. Утврдување на пречистени текстови на општи акти на Фондот;

    1. Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување,
    2. Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала,
    3. Одлука за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала закои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
    4. Одлука за утврдување на референтни цени за системи за

илеостоми,колостоми и уростоми, плочки и паста што пагаат на товар на Фондот за здравствено осигурување ма Македонија,
5. Одлука за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите,
6. Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната здравствена заштита,
7. Правилник за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната стоматолошка здравствена заштита,
8. Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги кои вршат Специјалистичка - консултативна и болничка здравствена заштита,
9. Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се препишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита,
10. Правилник за начинот на плакањето на лабараториските испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар,
11. Правилник за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство.

2. Член 9 од Законот за здравственото осигурување;
3. Предлог одлука за усвојување на методологија за утврдување на цени на здравствени услуги и Предлог ценовник на одредени досега недефинирани здравствени услуги;
4. Позитивна листа на лекови;
5. Скалеста маржа за аптеки;
6. Пренамена на буџетските средства од Специјалната детска болница Охрид во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија Свети Еразмо Охрид;
7. Информација за надминување на кварталниот буџет за април, мај, јуни во Специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори;
8. Разно:

8.1.Презентација на маркетинг стратегијата на Фондот;
8.2.Предлог Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
8.3 Договор со ООЗТ Институти;
8.4.Одлука за нефинансирање на проекти кои не спаѓаат во делокругот на работа на Фондот;
8.5.Отстранување на пејсмејкер на пациент во Филип Втори;
8.6.Пациентка од Битола упатена на лекување во Бугарија.
8.7. Набавка на ERP (Enterprise Resource Planning) систем
8.8. Инвестиции во здравството

Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.

- Усвојување на записникот од XV седница на Управниот одбор

Членовите на Управниот одбор, едногласно и без забелешки го усвоија записникот од петнаесетата седница.

***ТОЧКА 1 -*** *Утврдување на пречистени текстови на општи акти на Фондот.*

*Оваа точка беше на дневниот ред на XV седница одржана на 05.07.2007 година кога беше одложена со цел членовите на Управниот одбор да можат подобро да ги проучат текстовите на општите акти.*

*Борис Јосифовски и Страшо Наумоски укажаа дека во некои од општите акти одредени прашања би можеле да се регулираат и на поинаков начин.*

*На ова, Лазар Трајчев објасни дека пречистените текстови на општите акти на Фондот се утврдуваат заради полесно користење и применување во практиката. Пречистените текстови ги изработи стручната служба на Фондот и тие ги вклучуваат само важечките одредби на секој општ акт. Со нивното утврдување и објавување во Службен весник на Република Македонија ќе се овозможи полесно запознавање на осигурениците и на другите субјекти чии права и обврски се уредени во нив. Исто така пречистените текстови ќе им бидат од полза и на членовите на Управниот одбор. Доколку членовите на Управниот одбор сметаат дека некои прашања треба да бидат поинаку регулирани, можат во секое време да поднесат таков предлог.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ги утврди пречистените текстови на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување, Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала закои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста што пагаат на товар на Фондот за здравствено осигурување ма Македонија, Одлуката за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите, Правилникот за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната здравствена заштита, Правилникот за начинот на плакањето на здравствените услуги во Примарната стоматолошка здравствена заштита, Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги кои вршат Специјалистичка - консултативна и болничка здравствена заштита, Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плакање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се препишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, Правилникот за начинот на плакањето на лабараториските испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар, Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство.*

*Се задолжува менаџментот на Фондот да ги објави пречистените текстови на веб страницата на Фондот и во Службен весник на Република Македонија.*

***ТОЧКА 2 -*** *Член 9 од Законот за здравственото осигурување.*

*Менаџментот на Фондот ги информира членовите на Управниот одбор дека пред Уставниот суд е поведена иницијатива за оценување на уставноста на член 9 став 2 од Законот за здравственото осигурување. Ги запозна дека се разгледуваат сите можности за заштитување на средствата на Фондот во случај оваа одредба да биде укината со што Фондот ќе биде обврзан да ги прифаќа трошоците за дадените здравствени услуги во установи со кои нема склучено договор.*

***ТОЧКА 3 -*** *Предлог одлука за усвојување на методологија за утврдување на цени на здравствени услуги и Предлог ценовник на одредени досега недефинирани здравствени услуги*

*Ромела Поповиќ објасни дека со усвојувањето на методологијата цените утврдени според нејзините одредби се гарантирани цени по кои може осигуреникот на Фондот да добие здравствена услуга во Република Македонија.*

*Ана Петрова го објасни начинот на формирање на цените за одделни услуги и цените на услугите од радиодијагностиката кои за првпат се утврдуваат.*

*Борис Јосифовски праша каде може осигуреникот да добие одредена услуга по цена која е утврдена како референтна, на што доби одговор од Лазар Трајчев дека тоа е можно во оние установи кои склучиле договор со Фондот.*

*Управниот одбор потоа едногласно донесе*

***Одлука***
***за усвојување на методологија за утврдување на цени на здравствени услуги,***
*и*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика***

***ТОЧКА 4 - Позитивна листа на лекови***

*Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ по 14 седница вторпат се наоѓа на дневниот ред на Управниот одбор.*

*Директорот Тренкоски истакна дека оваа листа секако ќе претставува економски товар за Фондот но е потребна заради обезбедување на посовремени лекови според меѓународните прописи и упатства за квалитетно лекување. За позитивната листа е добиена оценка од Светската банка а е добиено и мислење од Комисијата за позитивната листа. Меѓутоа во мислењето од Комисијата не е дадена и фармакоекономска анализа.*

*Поради тоа, Управниот одбор одлучи да се побара од претседателката на комисијата за следната седница конечно да се достави професионална фармакоекономска анализа за усвоените лекови. Исто така да се побара*

*прекршочна и кривична одговорност од претседателката на комисијата и од предлагачите на лековите т.е. колегиумите на јавните здравствени установи доколку некој од 56-те усвоени лекови не бидат во фармацевтски и економски интерес на осигурениците што Управниот одбор внимателно ќе следи.*

*Директорот го извести Управниот одбор дека врвен приоритет и законска обврска на Фондот е обезбедување на здравствени услуги и тоа законски, до висината на обезбедениот буџет на Фондот. Укажа дека за да се обезбеди тоа, а со цел спречување на нерационално одлевање на средства, во врска со изменувањето на листата на лекови должен е да укаже на приоритетите на Фондот. Проценката на Фондот е дека дел од усвоените лекови не се критични за развојот на здравствената заштита. Додаде и дека има медицинска оправданост, но е неопходна сериозна финансиска контрола заради можни негативни финансиски импликации од аспект на обезбедување на неопходни финансиски средства за третман со лековите Glivec (лек за третман на хронична миелоидна леукемија), Spiriva (лек за третман на хронично опструктивно белодробно заболување) и Movalis (нестероиден антиинфламаторен лек за третман на болка, инфламација при остеоартритис). Освен за овие, имаме и барања во листата да се вклучат и други лекови чие вклучување е медицински оправдано но се и исклучително скапи. Така, за еден од нив Клиниката за пулмологија регистрирала 70.000 потенцијални корисници. Доколку овој лек им се обезбеди на сите тие корисници на товар на Фондот може да се предизвикаат несогледиви финансиски последици. Затоа Фондот е со став дека ваквите лекови не треба да се вклучат на листата и дека средствата кои ќе бидат определени за ваквите лекови треба да се префрлат на соодветната клиника која ќе може да ги користи за третирање на најсоодветните случаи. Исто така, Фондот смета дека Управниот одбор ќе треба по најмногу шест месеци повторно да ја разгледа позитивната листа со сите нејзини импликации во тој период.*

*Маја Чемерикиќ дополни дека и Комисијата за позитивната листа барала и треба да се состанува најмалку два пати годишно.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека во земјите за кои има сознанија постои тенденција за вклучување на лекови за дијабетес, кој како болест е во подем. Дијабетесот за дваесет пати ја зголемува можноста за развој на болест на бубрезите а четири пати можноста за мозочен удар слепило  и инфаркт. На пример еден таков лек е Авандиа кој е лек за дијабетес ТИП 2 и е наменет за пациенти резистентни на инсулин. Побара во иднина и овој лек да се вклучи во позитивната листа.*

*Директорот Тренкоски наведе дека според законот, Управниот одбор на Фондот е орган кој ја утврдува листата на лекови на товар на Фондот а не Комисијата за позитивната листа. Според тоа, Управниот одбор, доколку смета дека тоа е потребно, може да ја дополни предложената листа со овој или други лекови уште на оваа седница.*

*Снежана Костадиноска Милошеска предложи Управниот одбор да побара фармакоекономска анализа и претседателот на Комисијата за позитивната листа да реферира пред Управниот одбор на следната седница.*

*Во врска со надлежноста за донесување на листата, Трајче Леов побара правната служба за членовите на Управниот одбор да изготви информација за*

*положбата и надлежностите на Управниот одбор на Фондот и неговите односи со други државни органи во остварувањето на надлежностите.*

*На крајот на дискусијата, претседателот побара членовите на Управниот одбор да се изјаснат као да се постапи, односно дали ќе се усвои предложената листа или ќе се бараат дополнителни извештаи и вклучување односно исклучување на некои лекови од неа.*

*Љубиша Каранфиловски предложи да се усвои листата, а за дополнувањето кое претходно го предложи се согласи дека може да изврши и во иднина.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја утврди*

***Листата на лекови***
***кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Во листата се вклучени следните нови 56 лекови:*

| Ред бр. | АТЦ Код | Генеричко име - ИНН | Фармацевтска дозажна форма | Јачина |
|---|---|---|---|---|
| | A02B | **Лекови за третман на улкусна болест** | | |
| 1 | A02BA03 | Famotidine | Tableti, film oblozeni tableti | 20mg |
| | A02BA03 | Famotidine | Tableti, film oblozeni tableti | 40mg |
| | A04 | **Лекови против гадење и повраќање** | | |
| 2 | A04AA02 | Granisetron | Film oblozeni tableti | 1mg |
| | A04AA02 | Granisetron | Film oblozeni tableti | 2mg |
| | A04AA02 | Granisetron* | Injekcii | 1mg/ml |
| | A10A | **Инсулини и аналози** | | |
| | A10D | Инсулини и аналози со средно дејство комбинирани со инсулини со брзо дејство | Сите регистрирани јачини | SRJ |
| | A10B | **Орални антидијабетски лекови** | | |
| 3 | A10BG02 | Rosiglitazone | Film oblozeni tableti | 4mg |
| | B01AC | **Инхибитори на агрегација на тромбоцитите** | | |
| 4 | B01AC17 | Tirofiban* | Injekcii | 0.05/ml |
| | B01AC17 | Tirofiban | Injekcii | 0.25mg/ml |
| | B02BX | **Други системски хемостиптици** | | |
| 5 | B02BX02 | Carbazochrome* | Injekcii | 5mg/ml |
| | C01D | **Вазодилататори кои се користат при срцеви заболувања** | | |
| | C01DA02 | Glyceryl trinitrate | sublingingvalen spray | SRJ |
| 6 | C01DX06 | Hexobendine, kombinacii* | Injekcii | SRJ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | C10AD | **Деривати на никотинска киселина** | | |
| 7 | C10AD02 | Nicotinic acid | Tableti | 500mg |
| | C10AD02 | Nicotinic acid | Tableti | 750mg |
| | C10AD02 | Nicotinic acid | Tableti | 1g |
| | G02C | **Бета адренергични агонисти** | | |
| 8 | G02CA01 | Ritodrine* | Injekcii | 50mg |
| | G03 | **Полови хормони и др. лекови со дејство на генитален систем** | | |
| 9 | G03DB01 | Dydrogesterone | Film oblozeni tableti | 10mg |
| 10 | G03GA02 | Human menopausal gonadotropin* | Injekcii | SRJ |
| 11 | G03GA04 | Urofollitropin* | injekcii | SRJ |
| | G04 | **Алфа-адренергични антагонисти** | | |
| 12 | G04CA03 | Tamsulosin | Kapsuli | 400 mcg |
| | H01 | **Хормони (и аналози) на хипофиза и хипоталамус** | | |
| 13 | H01BA02 | Desmopressin | Nazalen sprej | 0.1mg/ml |
| | H01BA02 | Desmopressin* | Injekcii | 4mcg/ml |
| | H01BA02 | Desmopressin | Tableti | 0.1mg |
| | H01BA02 | Desmopressin | Tableti | 0.2mg |
| | J01 | **Антибактериски лекови за системска употреба** | | |
| | J01C | **Пеницилини** | | |
| 14 | J01C A12 | Piperacillin+tazobactam* | Injekcii | 4g+0.5mg |
| | J01DA | **Цефалоспорини** | | |
| 15 | J01DA24 | Cefepime | Injekcii | SRJ |
| | J01DH | **Карбапенеми** | | |
| 16 | J01DH02 | Meropenem* | Injekcii | 500mg |
| 17 | J01DH03 | Ertapenem* | injekcii | 1g |
| | J01G | **Аминогликозиди** | | |
| 18 | J01GB01 | Tobramycin* | Rastvor za inhaliranje | 60mg/ml |
| | J01X | **Останати антибиотици** | | |
| 19 | J01XB01 | Colistin* | Injekcii | 1.000.000 i.e. |
| | J02 | **Антимикотици за системска употреба** | | |
| 20 | J02AC02 | Itraconazole* | Kapsuli | 100mg |
| | J05 | **Лекови за лекување на системски вирусни инфекции** | | |
| 21 | J05AB14 | Valganciclovir* | film oblo~eni tabl | 450mg |
| | L01 | **Антинеопластични лекови** | | |
| | L01AD | **Деривати на нитрозоуреа** | | |
| 22 | L01AD02 | Lomustine* | **Kapsuli** | **SRJ** |
| | L01AX | **Други алкалирачки агенси** | | |
| 23 | L01AX03 | Temozolomide* | **Kapsuli** | **SRJ** |
| | L01BB | **Пурински аналози** | | |
| 24 | L01BB03 | Tioguanine* | Tableti | 40mg |
| 25 | L01BB04 | Cladribine* | Injekcii | 1mg/ml |
| | L01BB05 | Fludarabine phosphate* | film oblozeni tableti | 1omg |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Други антинеопластици** | | |
| 26 | L01XX14 | Tretionin* | kapsuli | 10mg |
| 27 | L01XX02 | Peg asparaginase* | injekcii | SRJ |
| | L01D | **Цитостатски антибиотици** | | |
| 28 | L01DA01 | Dactinomycin* | Injekcii | 0.5mg |
| 29 | L01DB07 | Mitoxantrone* | Injekcii | 2mg/ml |
| | L02A | **Хормони и слични лекови** | | |
| | L02AB | **Аналози на GnRH** | | |
| 30 | L02AB03 | Gosereline* | **Injekcii** | **SRJ** |
| | L02B | **Хормонски антагонисти и слични лекови** | | |
| | L02BB | **Анти-андрогени** | | |
| 31 | L02BB03 | Bicalutamide* | Film oblozeni tableti | 50mg |
| | L02BB03 | Bicalutamide* | Film oblozeni tableti | 150mg |
| | L02BG | **Ензимски инхибитори** | | |
| 32 | L02BG03 | Anastrozole* | Film oblozeni tableti | 1mg |
| | L04 | **Имуносупресиви** | | |
| 33 | L04AA04 | Antitymocite immunoglobulin* | Injekcii | SRJ |
| 34 | L04AA03 | Antilymphocite immunoglobulin* | Injekcii | SRJ |
| 35 | L04AA10 | Sirolimus* | Tabl.;Film obl.tabl. | 1mg |
| | L04AX | | | |
| 36 | L04AX03 | Talidomide* | tableti | 100mg |
| | | Tretionin* | | |
| | N03 | **Антиепилептици** | | |
| 37 | N03AF02 | Oxcarbazepine* | Film oblozeni tableti | SRJ |
| 38 | N03AX14 | Levetiracetam* | Film oblozeni tableti | SRJ |
| | N03AX14 | Levetiracetam* | Rastvor za oralna upotreba | 100mg/ml |
| | N04 | **Антипаркинсоници** | | |
| 39 | N04BC05 | Pramipexole* | Film oblozeni tableti, tableti | SRJ |
| 40 | N04BA | Levodopa,Carbidopa,Entacapon* | Film oblozeni tableti | SRJ |
| | N04BA02 | Levodopa Carbidopa | SRF | SRJ |
| | | **Антипсихотици** | | |
| | N05AX08 | Risperidone* | injekcii | SRJ |
| 41 | N05AH03 | Olanzapine | Film oblozeni tableti | SRJ |
| | N06A | **Антидепресиви** | | |
| 42 | N06AX16 | Venlafaxine* | Tableti | SRJ |
| | N06D | **Лекови за деменција** | | |
| 43 | N06DA02 | Donepezile* | Film oblozeni tableti | 5mg |
| | N06DA02 | Donepezile* | Film oblozeni tableti | 10mg |
| | N07 | **Други лекови со дејство на ЦНС** | | |
| | N07C | **Антивертиго препарати** | | |
| 44 | N07CA02 | Cinnarazine | tableti | 75mg |
| | P01 | **Антипротозоици** | | |
| 45 | P01CB01 | Meglumine antimonate* | Injekcii | 1.5g/5ml |
| | R05C | **Секретолитици** | | |
| 46 | R05CB13 | Dornase alfa (dezoxyribonuclease)* | Rastvor za inhaliranje | 1000E(1mg)/ml |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | S01 | **Офталмолошки лекови** | | |
| 47 | S01EC04 | Brinzolamide | Kapki za oci | 10mg/ml |
| 48 | S01ED02 | Betaxolol | Kapki za oci | 5mg/ml |
| 49 | S01GX09 | Olopatadine | Kapki za oci | 1mg/ml |
| | V03AB | **Антидоти** | | |
| 50 | V03AB03 | Sodium calcium edetate | Injekcii | 200mg/ml |
| 51 | V03AB09 | Dimercaprol | Injekcii | 50mg/ml |
| 52 | V03AB16 | Ethanol | Injekcii | 10% |
| | V03AB16 | Ethanol | Injekcii | 20% |
| 53 | V03AB23 | Acetylcysteine | Injekcii | 200mg/ml |
| 54 | V03AC02 | Deferiprone | Tableti | 500mg |
| 55 | V03AF01 | Mesna | Injekcii | 100mg/ml |
| | | | | |
| **Безглутенска храна** | | | | |
| 56 | | Preparat bez gluten | brasno,mleko | kg |

*Покрај тоа, Управниот одбор донесе и*

***Заклучок:***

*Да се пречистат техничките грешки во постоечката позитивна листа.*

***Заклучок:***

1. *Да се побара од претседателката на комисијата за позитивната листа, за следната седница на Управниот одбор да достави професионална фармакоекономска анализа за усвоените лекови.*
2. *Да се побара прекршочна и кривична одговорност од претседателката на комисијата и од предлагачите на лековите т.е. колегиумите на јавните здравствени установи доколку некој од 56-те усвоени лекови не бидат во фармацевтски и економски интерес на осигурениците што Управниот одбор внимателно ќе следи.*

***Заклучок:***

*За Лековите Glivec, Spiriva и Movalis да се определат наменски буџети до чија висина определената здравствена установа ќе може да ги издава.*

***ТОЧКА 5 - Скалеста маржа за аптеки***

*Маја Чемерикиќ потсети дека Управниот одбор на седницата одржана на 09.02.2007 година донесе одлука за плаќање на надоместокот за извршена здравствена услуга - издавање на лек на рецепт од Листата на лекови кои се на товар на Фондот од примарна здравствена заштита во висина од 15 денари по издаден рецепт како времена мерка. Истовремено донесе заклучок да се изврши анализа за воведување на скалест надоместок со која ќе се опфатат и импликациите врз буџетот на Фондот.*

*Воведувањето на скалестиот износ во вид на дигресивна скала на надоместок за извршената услуга има за цел обезбедување на комплетниот асортиман на лекови. Предност на овој начин на наплата на надоместокот е што со тоа Фондот би создал предуслови за набавка на сите лекови независно од нивната цена, а што е во согласност со потребите на осигурените лица. Во материјалите доставени до членовите на Управниот одбор е прикажана споредба на финансиските ефекти со примена на фиксна маржа од 15% и на скалеста маржа. Направената анализа покажува дека воведувањето на скалестиот систем би имало најниско можно финансиско влијание на висината на партиципацијата на осигурените лица според скалата за партиципација. Тоа има двоен позитивен ефект за осигурените лица - зголемена можност за подигање на целокупниот асортиман на лековите во зависност од индивидуалните потреби, без притоа да се предизвика дополнителен финансиски товар.*

*Директорот Тренкоски дополни дека Фондот има утврдено фиксен буџет за аптеките и секоја аптека може да требува лекови во рамките на тој буџет. Поради тоа трошоците на Фондот се фиксни.*

*Борис Јосифовски праша дали осигуреникот кога ќе купи комерцијален лек и кога ќе набави потврда за дефицитарност од пет аптеки ќе може да ги надомести средствата. Осигуреникот не треба да се става во положба да бара потврда зашто со оглед на постапката во која се издаваат лековите нема можност да изврши злоупотреба.*

*Директорот Тренкоски одговори дека проблемот со недостатокот на лекови треба системски да се реши и веќе е остварен голем напредок во таа насока. Сега, со предложениот скалест систем Фондот планира да ги стимуллира аптеките да ги требуваат лековите за хроничните болни. Во поглед на потребата за обезбедување на потврди за дефицитарност, Управниот одбор би можел уште на некоја од наредните седници да одлучи бројот на аптеките за добивање на потврда да се намали на пример на три.*

*Во врска со постапката за набавување потврда за дефицитарност, Снежана Костадиноска Милошеска го запозна Управниот одбор со проектот на регулаторна гилотина кој е во тек под покровителство на Владата. Постави прашање дали Фондот со свои предлози за поедноставување на прописите од негова надлежност е вклучен во проектот на што од директорот Тренкоски доби потврден одговор.*

*Трајче Леов предложи Фондот да воведе бесплатна телефонска линија за информирање на осигурениците за местата каде можат да најдат определен лек.*

*Директорот Тренкоски се согласи оваа можност да се разгледа до наредната седница.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали со скалестиот систем аптеките може да се обврзат да ги имаат сите лекови во секое време.*

*Страшо Наумоски на ова предочи дека аптеките во малите места немаат потреба да ги имаат сите лекови.*

*На крајот, Управниот одбор едногласно донесе*

**Одлука**
**за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт**

*Со одлуката се воведува скалест износ на надоместок на здравствена услуга - издавање на лек на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот*
*Скалестиот систем стапува во сила на 01.09.2007 година.*

*Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека Владата донела одлука според која температурата во здравствените установи треба да се движи помеѓу 26 и 28° С. Побара Управниот одбор да одобри набавка на климатизери за јавните здравствени установи со кои ќе се обезбедат бараните услови. По ова прашање, директорите на јавните здравствени установи затаиле со оглед што од ниедна установа не е иницирано решавање на овој проблем.*

*Трајче Леов побара Подрачните служби на Фондот да се задолжат за спроведување на овој проект на начин што ќе проверат кои установи имаат потреба и од колку климатизери, како и дали добиените климатизери се вградуваат во соодветна просторија. Исто така побара извештај за состојбата со вградувањето на климатизери во просториите на подрачните служби за што на една од изминатите седници беше донесена одлука.*

*По ова, Управниот одбор донесе*

***Заклучок:***
*1. Се одобрува финансирање на набавка на климатизери за јавните здравствени установи заради обезбедување на соодветни температурни услови за работа согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за следење на состојбата и ефектите од високите температури од 18.07.2007година.*

*2. За следната седница на Управниот одбор да се изготви извештај за тоа кои јавни здравствени установи набавиле климатизери. Во согласност со овој извештај, Управниот одбор ќе донесе одлука за зголемување на буџетските плафони за најмногу 3.000 евра на оние јавни здравствени установи кои ќе набават климатизери.*

*Исто така донесе*

***Заклучок:** За следната седница на Управниот одбор да се изготви извештај за реализирањето на одлуката за набавка на климатизери за подрачните служби на Фондот.*

***ТОЧКА 6 -** Пренамена на буџетските средства од Специјалната детска болница Охрид во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија Свети Еразмо Охрид*

*Управниот одбор ја разгледа Предлог Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007*

*година. Со оваа одлука се врши пренамена на средствата предвидени за Специјалната детска болница Охрид која престанува со работењето кон здравствените установи кои ќе ги превземат вработените на оваа болница.*

*Директорот Тренкоски побара под истата точка да се разгледа барањето за пренесување средства од Болницата Тетово во болницата во Лешок. Болницата во Лешок  е обновена со средства од Владата на Норвешка а со работа ќе започне на 01.08.2007 година. Затоа е потребно средствата кои беа пренесени на тетовската болница заради вршење на работите додека болницата во Лешок не се оспособи за работа, да се стават на располагање на новоотворената болница.*

*Љубиша Каранфиловски праша како ќе се пренесат средствата, од која дата и согласно на тоа колку средства.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша, според кои критериуми е утврдено во која висина ќе се пренесат средства на која установа. На ова, Ромела Поповиќ одговори дека главен критериум бил бројот на вработените што одделна установа ќе ги преземе.*

*Покрај ова, пред Управниот одбор беше изнесен и предлог за намалување на буџетот на Специјалната болница за ТБЦ Лешок - Тетово за 4.500.000 денари и за истиот износ зголемување на буџетот на Општата болница Тетово. Ова од причина што поради доцнење со рестартитањето на болницата во Лешок, нејзините вработени и во месеците мај, јуни и јули продолжија да работат во Општата болница Тетово.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007***

***ТОЧКА 7 -** Информација за надминување на кварталниот буџет за април, мај, јуни во Специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори*

*Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека е извршен разговор со директорот на болницата д-р Жан Митрев и му е предочено дека буџетот на Фондот е ограничен. Поради тоа не може да се прифати барањето на Филип Втори да врши операции до вредност определена од самата болница. 90% од извршените операции се медицински оправдани но по тие цени Фондот не може да ги поднесе. Д-р Митрев посочил дека цените во Филип Втори се најниски во регионот и дека не се менувани веќе седум години.*

*Ромела Поповиќ дополни дека од страна на болницата кварталниот буџет е пречекорен и дека фактурираните операции се реално извршени. Со фактурата за месец јуни кварталниот буџет е надминат за 21.000.000 денари. Само Управниот одбор може да одобри плаќање над проектираниот буџет. Предлагам плаќањето да се одобри со препорака до Филип Втори пречекорувањето да се израмни во наредниот квартал. Во однос на спомenатите цени во регионот, наведе дека Фондот ќе направи споредба со другите болници за кардиохирургија и за тоа ќе го извести Управниот одбор.*

*Трајче Леов рече дека при утврдување на цените потребно е да се води сметка и за висината на примањата на граѓаните во земјата односно за вредноста на потрошувачката кошничка. Управниот одбор еднаш веќе донесе одлука со која се дозволува пречекорувањето на кварталот да се израмни во наредниот квартал. Јасно е дека Фондот има ограничени средства и дека во тие рамки може да се вршат интервенции. Предложи да се упати иницијатива до Владата на Република Македонија таа да одвои дополнителни средства за намирување на повеќе извршените операции во Филип Втори.*

*Борис Јосифовски праша дали за секој опериран пациент се доставува посебна фактура и колку изнесува учеството во цената на услугата на што доби одговор дека за секој пациент се изготвува посебна фактура а висината на учеството во зависност од видот на услугата се движи помеѓу 2.000 и 6.000 денари.*

*На крајот, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука:** Да се плати фактурата доставена од Филип Втори а пречекорувањето да се израмни до крајот на третиот квартал.*

***ТОЧКА 8 - Разно:***

*8.1 Презентација на маркетинг стратегијата на Фондот;*

*Управниот одбор беше информиран за маркетинг стратегијата на Фондот. Беше објаснета важноста на односите со јавноста заради промовирање на реформите во Фондот. На повикот за прибирање на понуди за изработка на маркетинг стратегија пристигнаа три понуди од маркетинг компании од кои беше избрана најповолната понуда. На одлуката и постапката за избор немаше приговори од учесниците кои не беа избрани. Најповолната понуда е пониска од средствата предвидени во годишниот план за јавни набавки на Фондот за 2007 година за околу 20%. Поради тоа, беше побарано Управниот одбор да одобри остатокот од средствата да се употреби за едукација на осигурениците. Ова би се извело преку проект што ќе се имплементира во соработка со некоја невладина организација што има искуство во таков вид проекти, како на пример Организацијата на потрошувачите на Македонија.*

*Управниот одбор едногласно ја усвои маркетинг стратегијата и даде согласност преостанатите средства да се употребат за ангажирање на невладина организација која ќе изготви програма за обука на осигурениците за правата од здравственото осигурување по пат на јавен оглас.*

*8.2 Предлог Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Управниот одбор го разгледа Предлог-Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Со предложениот правилник во Подрачната служба Виница се предвидува работно место Контролор на*

*придонес а во Подрачната служба Кратово бројот на извршители на работното место Референт за облог со придонес се зголемува од еден на двајца.*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*8.3 Договор со ООЗТ Институти*

*Директорот Тренкоски го запозна Управниот одбор дека ООЗТ Институти е единствена здравствена установа која нема потпишано договор со Фондот. Стојмир Петров побарал бришење на клаузулата од договорот со кој здравствената установа го отпишува побарувањето од предходните години. Директорот ги запозна членовите дека не може да стане збор за побарувања од предходни години од причина што до сега ООЗТ Институти, како и другите јавни здравствени установи немале склучено договор со Фондот и тие побарувања се фиктивни. Исто така не може поради барањето на една здравствена установа Фондот да го промени принципот според кој постапувал во односите со сите други јавни здравствени установи.*

*Трајче Леов праша дали навистина ООЗТ Институти е последна здравствена установа која сеуште не ги има регулирано односите со Фондот изразувајќи стравување дека и во иднина може пред Управниот одбор да бидат изнесени проблеми кои Фондот ги има со други установи. На ова прашање од директорот Тренкоски доби потврден одговор дека нема повеќе отворени прашања со сите 4.000 јавни и приватни здравствени установи со кои Фондот има договор.*

*Директорот на ООЗТ Институти Стојмир Петров, пред Управниот одбор го објасни статусот на неговата организација. Наведе дека Институти не се здравствена установа туку образовна која функционира во рамките на Медицинскиот факултет. Додаде и дека Институти во најголемиот дел се финансираат со давање на дијагностички услуги и експертизи. Поради тоа не може да прифати одредба во договорот со која се откажуваат од сите побарувања кон Фондот. Во минатото, услугите сме ги фактурирале според ценовникот на Фондот иако со него немавме склучено договор. Впрочем и другите установи во минатото немаа склучено договори. На крајот побара на ООЗТ Институти да и биде утврден зголемен буџет и да се потпише договор со Фондот во кој нема да биде вклучена одредба за откажување од побарувањата. По ова излагање Стојмир Петров ја напушти седницата а Управниот одбор продолжи со работата.*

*Ромела Поповиќ објасни дека ООЗТ Институти веројатно ќе го пробие буџетот за годината кој бил тврдо поставен. Ако нив им се излезе во пресрет ќе се направи преседан кој може да резултира со барање за ревидирање на договорите со другите јавни здравствени установи кои веќе се откажале од побарувањата.*

*Љубиша Каранфиловски побара директорот Тренкоски да се изјасни дали може да се потпише договорот без откажување од побарувањата од ООЗТ Институти.*

*Директорот Тренкоски изјави дека без одредба за откажување од побарувањата не е препорачливо да се потпише договорот. Поприфатливо е, заради зголемен обем на услуги да се изврши зголемување на буџетот на ООЗТ Институти за 20 - 30 милиони денари, но само по прецизна и детална анализа.*

*Страшо Наумоски побара при донесување на одлука, Управниот одбор да го има во вид значењето што ООЗТ Институти го има за здравствениот систем во целост. Во таа смисла да се најде начин да не биде загрозена нивната работа поради недостаток на средства.*

*Трајче Леов праша колку вкупно договори има склучено Фондот со здравствени установи на што од директорот Тренкоски доби одговор дека бројот на склучени договори е околу 4.000 и дека во сите нив е вклучена и одредба за обострано откажување од побарувањата во претходните години. Тоа значи дека не постојат облигации од страна на Фондот кон ниедна јавна здравствена установа.*

*По ова Љубиша Каранфиловски праша дали може да се зголеми буџетот на ООЗТ Институти во случај да го потпишат понудениот договор.*

*Ромела Поповиќ објасни дека буџетите на сите јавни здравствени установи се веќе утврдени вклучувајќи ја и ООЗТ Институти. Одлуката за зголемување на буџетот ќе значи ребаланс на буџетот.*

*По дискусијата,Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Да се исплати на ООЗТ Институти најмногу до утврдениот буџетски плафон доколку се согласат да склучат договор под истите услови како и останатите јавни здравствени установи. Доколку се склучи договор како што е дефиниран од Управниот одбор, да се преоцени плафонот за 2007 година.*

*8.4 Одлука за нефинансирање на проекти кои не спаѓаат во делокругот на работа на Фондот;*

*Директорот Тренкоски објасни дека повремено до Фондот од јавни и приватни организации како и од државни органи се упатуваат барања за спонзорства и финансирање на разновидни проекти. Во Фондот постои мислење дека за тоа нема законска основа и оправданост бидејќи Фондот е основан за спроведување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување. Оттаму, средствата на Фондот не треба да се користат за други намени.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со изнесеното мислење. Се предложи и Управниот одбор со своја одлука да ја поддржи определеноста средствата на Фондот да се користат само за намени кои се во согласност со неговата законска положба.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која одлучи дека Фондот за здравствено осигурување на Македонија нема да финансира проекти кои не спаѓаат во неговиот делокруг на работа утврден во*

*Законот за здравственото осигурување, и кои вклучуваат плаќања спротивни на Законот за буџетирање и останатите важечки прописи.*

*8.5 Отстранување на пејсмејкер на пациент во Филип Втори;*

*Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека до Фондот е пристигната фактура од Специјалната болница за кардиохирургија "Филип Втори" на износ од 4.000,00 евра. Фактурата е за извршена услуга - отстранување на пејсмејкер на осигуреник на Фондот. Поради проблеми со вградениот пејсмејкер, осигуреникот се обратил на Клиниката за кардиологија каде одбиле да извршат вакква интервенција. Поради тоа, бидејќи во Македонија ниедна здравствена установа нема договор со Фондот за вршење на вакква здравствена услуга, ќе требаше осигуреникот да биде упатен во странство. Комисијата за лекување во странство побара интервенцијата да се изврши во земјата. Инаку, сметам дека со успешната интервенција во Филип Втори е избегната од некои посакуваната можност на Фондот да му се префрли за неспособност да обезбеди здравствена заштита во оваа област и со тоа да му се зададе непријатен удар. Согласно законските прописи, Фондот има обврска да обезбеди здравствена заштита и во странство доколку се исцрпени можностите за лекување во земјата. Во овој случај, можностите не биле исцрпени бидејќи во Филип Втори интервенцијата е успешно извршена. Меѓутоа, Фондот не може да го изврши плаќањето од причина што вршењето на вакква здравствена услуга не е предвидено во договорот помеѓу Фондот и "Филип Втори".*

*На членовите на Управниот одбор им беше презентиран договорот помеѓу Фондот и Филип Втори.*

*На крајот, бидејќи Фондот не може да плаќа за услуги што не се предвидени во договорот помеѓу Фондот и "Филип Втори" поради што нема правна основа да се плати доставената фактура, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука:** Да не се плаќа фактурата на "Филип Втори".*

*8.6 Пациентка од Битола упатена на лекување во Бугарија;*

*Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека од Клиничката болница во Битола е упатено барање до Фондот за плаќање на трошоците за лекување на вработена во болницата која претрпела изгореници на работното место. По претрпената повреда била упатена на лекување во Градската општа болница во Скопје од каде надвор од пропишаната постапка е упатена заради лекување во Бугарија.*

*Повредата ја претрпела по вина на работодавачот - Клиничката болница во Битола, а потоа од Градската општа болница во Скопје каде била нестручно третирана, поради што се влошила нејзината состојба, била упатена во Бугарија. Притоа воопшто не е почитувана законската постапката за упатување на лекување во странство. Според законот, Фондот не смее да рефундира средства за лекување во странство кои се извршени без почитување на за тоа пропишаната постапка. Сметаме дека оваа повреда треба да се третира како повреда на работа по вина на работодавачот, што значи дека работодавачот*

*треба да ги поднесе трошоците за лекувањето. Бидејќи вработените во Клиничката болница Битола се осигурени за случај на повреда на работа, осигурителната компанија на болницата ќе и ги надомести средствата платени за лекување на работничката. Фондот предлага да и се овозможи на Клиничката болница во Битола самата да ги покрие трошоците за лекување на нивната вработена, а по спроведување на пропишаната постапка трошоците ќе и бидат надоместени од осигурителната компанија.*

*По излагањето на директорот дискутираше Љубиша Каранфиловски кој ги запозна останатите членови со детали за природата на претрпената повреда на осигуреничката. Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука:** Се одбива барањето на Клиничката болница Битола за плаќање на трошоците. Клиничката болница Битола треба самата да ги поднесе овие трошоци.*

*8.7 Набавка на ERP (Enterprise Resource Planning) систем.*

*ERP е систем за интегрирање на сите податоци и процеси во една организација во унифициран систем. Овој систем користи повеќекратни компоненти на компјутерски софтвер и хардвер за постигнување на интеграцијата. Негова најважна карактеристика е складирањето на податоците за различните системски модули во унифицирана база на податоци. Целта на неговото воведување е целосно да се оневозможи субјективноста во работењето на ФЗОМ. Ориентационата вредност на софтверот е 70 милиони денари.*

*По оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука** за отпочнување на постапка за набавка на ERP.*

*8.8 Инвестиции во здравството*

*Директорот Тренкоски го запозна Управниот одбор со одлуката на Владата од 10.07.2007 година за инвестирање на 40 милиони евра во опрема за болниците и клиниките во јавното здравство. Овој износ е петпати поголем од вкупните инвестиции во здравството во изминатите 17 години.*

*Согласно одлуката на Владата, Фондот треба да обезбеди 30 милиони евра, а 10 милиони евра ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија. Тендерот за набавка на опремата ќе биде отворен до крајот на месецот, ќе заврши во октомври, а донесувањето на опремата ќе почне во ноември и декември.*

*Основна цел на овие инвестиции е да се воведе најсовремена светска медицинска технологија за врвна здравствена заштита на населението, со што ќе се постигне значајно подобрување не само лекувањето и третманот, туку и на дијагностиката и на превенцијата.*

*Со оваа инвестиција истовремено се инвестира и во научниот и во образовниот развој на медицината во Република Македонија, во идните и сегашните*

*здравствени работници и им овозможува да бидат во тренд со најновите постигнувања во медицината и во медицинската техника.*

*При остварувањето на оваа инвестиција, Владата ќе го земе предвид рамномерниот регионален развој, односно ќе овозможи доближување на можностите на последните достигнувања во медицината до сите граѓани, во секој регион во Република Македонија.*

*Со реализирањето на оваа инвестиција ќе се воведе најсовремена светска медицинска технологија за врвна здравствена заштита на населението и за првпат во Република Македонија ќе функционира PET/CT системот за рана дијагностика на карцином, најсовремената ЦТ коронарографија без катетри и ќе се отворат нови можности за магнетна резонанца.*

*По реализирањето на инвестициите, во Македонија ќе има вкупно пет магнетни резонанци, а сега има само една. Значи, се предвидува купување дополнителни магнетни резонанци, врвна ултразвучна четиридимензионална дијагностика, комплетно обновување на опремата за операционите сали во Македонија и воведување најсовремени хируршки интервенции.*

*Ова е значајно зашто со подобрувањето на дијагностиката и превенцијата преку нова најсовремена опрема за дијагностика ќе се овозможи прецизно, навремено и точно третирање на заболувањата и оти ќе се скрати времето на чекање за преглед.*

*Нова опрема ќе добијат болниците во Битола, Тетово, Штип, Кичево, Охрид, Струга, Гостивар, Дебар, Прилеп, Кавадарци, Велес, Кочани, Струмица, Гевгелија, Куманово, психијатриски установи, Градската болница - Скопје, Гинекологија - Чаир, болницата Свети Еразмо - Охрид, Нефрологија - Струга, Институтите за радиологија и за нуклеарна медицина, Кардиологија, Гастро, Нефрологија, Неврологија, Детска клиника, Козле - детска, Хирургија итн.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
*за инвестирање во јавното здравство*

*Управниот одбор заврши со работа во 14.15 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***